LINO
INNOVATIONS

# PVL TC4 V

# PVL TC4 V W

# PVL TC5 V

**ВИТРОКЕРАМИЧНИ ПЛОТОВЕ**

**STAKLOKERAMIČKE UGRADNE PLOČE**

**ВИТРОКЕРАМИЧКА ПЛОЧА НА ШПОРЕТ**

BG ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЯ

SRB UPUTSTVO ZA UPOTREBU

MK УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**ПОЧИТУВАНИ КОРИСНИЦИ**

Ви благодариме што имавте доверба во нас и го избравте нашиот производ, синоним на квалитет и сигурност. Се надеваме дека тој ќе одговара на вашите потреби и барања. Секогашкога имате потреба од нас, не двоумите се , побарајте не. Ние секогашќе бидеме до Вас кога за тоа има потреба за соработка и за понуда на секаков вид на корисни информации од производи на **LINO** .

**СОДРЖИНА:**

ОПИС НА ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊ....................................................................3

МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ .......................................................................4

ИНСТАЛАЦИЈА ......................................................................................6

Поставување на вградливата плоча за готвење ..............................6

Поврзување на плочата за готвење на електричната инсталација................................8

УПОТРЕБА.............................................................................................10

Вклучување и исклучување на контролата.......................................11
Одбирање рингла.................................................................................11
Вклучување на двојните- и тројните зони ........................................12
Нагодување на нивото на загревање со и без зголемување на топлината .....................12
Исклучување на поединечните рингли...............................................13
Тајмер функција ....................................................................................14
Заклучување на контролата................................................................16
Заклучување за заштита на децата ..................................................17
Stop & Go функција ..............................................................................18

БЕЗБЕДНОСНИ ФУНКЦИИ НА КОНТРОЛАТА СО ДОПИР ..................20

Безбедносно сензорско исклучување ................................................20

Исклучување во случај на прегревање...............................................21

Ограничување на времето на работа..................................................21

Функции на преостанатата топлина ...................................................22

ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ...................................................................23

## ОПИС НА ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ

Почитуван кориснику,

Од голема важност е да го прочитате ова упатство со цел најоптимално користење и продолжување на рокот на користење на Вашиот уред . Препорачуваме ова упатство да се чува за понатамошна консултација.

Вашата нова плоча за готвење е под гаранција и ќе Ви овозможи долгорочна употреба. Повикувањето на оваа гаранција е возможно само доколку уредот е инсталиран и употребуван во согласност со упатствата за инсталација и употреба, детално објаснети во ова упатство.






Забелешка: Изгледот на Вашата плоча за готвење може да биде различен од прикажаниот модел, во зависност од неговата конфигурација.

## МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

**Ве молиме да се придржувате кон овие упатства. Во спротивно, секоја штета предизвикана од непрописно, неправилно или невнимателно користење или инсталирање не подлежи на гаранцијата.**

·Овој уред треба да се користи само за вообичаена, домашна употреба.

·Уредот мора да се употребува само за подготвување и загревање на храна, секоја друга употреба, на пример затоплување на простории, како работна површина или како површина за чување работи, може да биде опасна .

·Забранети се секакви додатоци или модификации на уредот.

·Не оставајте запаливи течности, високо потпалувачки материи или било какви други запаливи објекти, на или во близина на уредот.

·Малите деца мора да се чуваат на безбедно растојание од уредот.

·Уредот смее да биде инсталиран и поврзан само од овластен персонал.

·Електричната безбедност на плочата за готвење е загарантирана само доколку таа е поврзана на правилен систем за заземјување, кој одговара на стандардите за електрично поврзување.

·Вградливите уреди можат да се користат само ако се претходно вградени во соодветни елементи за вградување и во работни површини кои ги исполнуваат стандардите.

·Не го притискајте кабелот за напојување при поставувањето на плочата за готвење.

·За безбедна изолација, должината на кабелот за напојување не смее да надминува 2м.

·Во случај на појава на грешка во уредот или појава на некое оштетување на стаклената керамика (пукнатина, гребнатина или дупка), уредот мора веднаш да се исклучи и да се откачи од електричното напојување, со цел да се спречи можноста од несакан електричен удар.

·Поправките на уредот можат да бидат правени само од овластен персонал.

·Осигурете се дека сите обвивки од пакувањето се отстранети пред да почнете со употребата на уредот.

·Каблите од електричните уреди не смее да ја допираат врелата површина од уредот или некој загреан сад за готвење.

·Никогаш не го оставајте уредот без надгледување во случаите кога готвите со употреба на маст, или масло.

·Тие можат многу лесно да се запалат доколку се прегреани.

·Не сечкајте храна на површината од стаклокерамичката плоча. Стаклените панели не треба да се користат како површина за работење.

·Бидете внимателни при употребата на мали домашни апарати, како на пример пегла, во близина на елементите.

·Не ги употребувајте зоните за готвење со празен сад или без сад за готвење.

·Осигурете се дека сите контроли се исклучени кога уредот не е во употреба.

·За да се исчисти уредот мора да биде исклучен и изладен.

·Од безбедносни причини, не е дозволено чистење на уредот со машини на пареа или било која друга опрема за чистење со висок притисок.

·Користете само стабилни садови со рамна подлога.

## ИНСТАЛАЦИЈА

**Електричното поврзување на оваа плоча за готвење треба да го направи овластено лице или квалификуван електричар, во согласност со упатствата дадени овде и со постоечките регулативи.**

•Пред да започнете со инсталацијата, осигурете се дека локалните услови и нагодувањата на уредот се компатибилни.

•Законите, правилата, директивите и стандардите кои се на сила во државата мора да бидат почитувани ( безбедносни регулативи, правилно рециклирање во согласност со регулативите итн.)

### Поставување на вградливата плоча за готвење

•По отстранувањето на материјалите за пакување од уредот и неговите додатоци, уверете се дека плочата за готвење не е оштетена. Ако се сомневате дека постои некое оштетување, не го користете уредот туку веднаш контактирајте со овластениот сервис или со квалификуван електричар.

•Вградливата плоча треба да се постави во отворот на работна површина. Електричното поврзување ќе се изврши со разводната кутија под плочата за готвење, која е специјално наменета за таа цел .

Направете отвор со димензии како на сликата подолу.




Нанесете ја еднострананата самолеплива лента по целиот долен раб на површината за готвење, по надворешниот раб на стаклено керамичкиот панел. Не ја растегнувајте.



**Поврзување на плочата за готвење на електричната инсталација**

·Пред да продолжите со електричното поврзување, уверете се дека носечкиот капацитет на струјата на системот и штекерот се адекватни за максималната потрошувачка на струја на плочата за готвење.

·Електричната инсталација на Вашиот стан и штекерот на кој ќе се приклучи плочата за готвење мора да бидат заземјени и во согласност со безбедносните регулативи.

·Доколку немате посебно електрично коло за плочата за готвење и разводник со осигурувачи, тие мора да бидат инсталирани од квалификуван електричар, пред да се поврзе плочата за готвење.

·Разводникот со осигурувач мора да е лесно достапен кога плочата за готвење е веќе инсталирана.

·Не употребувајте адаптери, повеќекратни штекери и/или продолжни кабли.

·Овој уред е во согласност со барањата на следниот EEC Директиви:

1.Стаклокерамичка плоча за готвење EEC/73/23 и 93/68, EEC/89/336 која се однесува на радио интерференцијата,
2.EEC/89/109 која се однесува на контактот со храна.

·Прекинувач со отвор за контакт од најмалку 3. означен како 20A и со функција




**3x2.5 mm 220 V~**
**3x2.5 mm 230 V~**
**3x2.5 mm 240 V~**

*Уредот мора да биде заземјен.
*За ова поврзување треба да се користи струен проводник

За стаклокерамичката плоча за готвење, кабелот мора да биде H05VV-F 3X2,5 mm$^2$ / 60227 IEC 53. На задниот дел на уредот ќе го најдете дијаграмот на поврзување.

· За време на инсталацијата, Ве молиме да се уверите дека каблите кои се употребуваат се изолирани. Неправилно поврзување би можело да му наштети на уредот. Гаранцијата не покрива вакви случаи.

· Сите поправки мора да бидат правени од овластено лице или од квалификуван електричар.

· Откачете го уредот од струја при секоја интервенција за поправање . За повторно приклучување, стриктно следете го дијаграмот за поврзување.

## УПОТРЕБА

Овој уред е управуван со копчиња на допир и функциите се потврдуваат со сигнали на приказите и со звучни сигнали.




| | | |
|---|---|---|
| Режим на подготвеност | S-режим | Контролата на плочата за готвење е подготвена да прими команда, сите прикази на ринглите се исклучени или е активен некој од приказите за преостанатата топлина. |
| Работен режим | B-режим | Најмалку еден приказ на ринглите покажува нагодена вредност помеѓу ´0` и ´9` |
| Заклучен режим | VR-режим | Контролата на плочата за готвење е заклучена. |

*Опис на режимите на работа*

### Вклучување и исклучување на уредот

Ако уредот е во *режим на подготвеност,* во *работен режим* се преминува со притискање на копчето ⏻ *Вклучување/Исклучување* во траење од најмалку 1 секунда. Звучен сигнал акустично укажува на правилно извршена функција.

На сите рингли се појавува ´0` и сите *Децимални Точки* на ринглите почнуваат да трепкаат (1 сек вклучено, 1 сек исклучено)

Ако во наредните 10 секунди нема никаква операција, приказите на сите рингли ќе се исклучат.
Ако приказите се исклучат ринглите се префрлаат во *режим на подготвеност.*

Ако ⏻ се држи притиснато повеќе од 2 сек. ( во *работен режим*), уредот ќе се исклучи и ќе се префрли во *S-режим* . Уредот може да се исклучи во секое време со притискање на копчето ⏻; дури и ако истовремено се притиснати и други копчиња.
Ако има преостаната топлина во ринглата, тоа ќе биде прикажано во соодветниот *приказ на ринглата .*

**Одбирање рингла**
Ако со соодветното копче ⊙ *активна/неактивна рингла* е избрана дадена рингла, *децималната точка* на *приказот на ринглата* почнува да трепка. За селектираната рингла можете да го нагодите нивото на топлина помеѓу 1-9 со притискање на *копчињата за нагодување на топлина* ⊕ или ⊖. Копчињата треба да се притискаат најмногу 3 сек, во спротивно селектираната рингла се брише и точката за нагодување топлина ќе се изгуби *(децимална точка).* Ако во наредните 10 сек нема никаква дополнителна операција, ринглата се враќа во *s-режимот .*

Нагодената топлина може да биде променета во секое време со притискање на копчињата ⊕ или ⊖, помеѓу нивоата 1-9.

Секоја операција на копчињата или секоја промена на приказите е проследена со звучен сигнал.

Вклучување на двојни и тројни зони (достапно само кај некои модели)

Вклучување на двојна зона

Активацијата на двојната зона се прави откако е избрана посакуваната рингла со притискање на ◎. Ова се потврдува со звучен сигнал. Во исто време, соодветниот *индикатор за двојна зона* почнува да свети. Со допирањето на копчето ◎ по втор пат статусот на втората зона почнува наизменично да се менува: се менува од вклучена двојна зона во исклучена двојна зона и обратно.

Дополнителната зона може да се активира само по нагодувањето на нивото 1-9 на основната зона на ринглата.

Вклучување на тројна зона

Двојна или тројна зона може да се вклучи само ако претходно е селектирана дадена рингла и е нагодено нивото 1-9, и точката свети.

Ако се притисне ◎ се огласува звучниот сигнал и *индикаторот за двојна зона* почнува да свети. Ако ◎ се притисне уште еднаш, се слуша уште еден звучен сигнал и тројната рингла е вклучена. *индикаторот за тројна зона* ќе биде осветлен и ќе се побудат трите зони.

Со наредно допирање на ◎, тројната зона на ринглата повторно ќе се исклучи. Секоја операција предизвикува промена на статусот на двојната/тројна зона по следниот редослед (вклучена двојна зона, вклучена тројна зона, исклучени сите дополнителни зони, вклучена двојна зона, вклучена тројна зона, вклучена двојна зона итн. ...)

**Нагодување на нивото на готвење со и без зголемување на топлината**

Сите рингли се опремени со функционалноста на зголемување на топлината.

Ако зголемувањето на топлината е активирано, тогаш ринглата ќе работи со максимална снага за времетраењето на зголемувањето на топлината, односно во зависност од нагоденото ниво на топлина. Ова е прикажано со трепкање на 'A\ кое се наизменично се менува со нагодената вредност на топлина (пример, 0,5 сек ˹A` и 0,5 сек ˹9`) на приказот на ринглата. Кога ќе заврши времето на функцијата за зголемување на топлината, ќе биде прикажана само нагодената топлина .

Ако за дадена рингла треба да се користи зголемување на топлината, нивото на топлина 9 мора да се нагоди со притискање на ⊖ почнувајќи од 0. По нагодување на нивото 9 ќе биде прикажано трепкачко . Тоа значи дека нивото 9 и зголемувањето на топлината се активни .

Зголемувањето на топлината може да се исклучи со притискање на ⊖ се додека не се појави нагодена топлина .
Ако треба да се користи зголемување на топлината, тоа може секогаш да биде активирано со притискање на ⊕ ако нивото на топлина е нагодено на 9. Во приказот на ринглата трепка˹A/9`.

**Исклучување на поединечните рингли**
Дадена рингла може да се исклучи на 3 различни начини:

·Симултано притискање на ⊕ и ⊖ копчињата
·Редукција на нагодената топлина на '0' со притискање на ⊖ копчето
·Употреба на тајмерско исклучување за соодветната рингла

Симултано притискање на ⊕ и ⊖ копчињата

Соодветната рингла мора да биде избрана со копчето ⟲. *активна/неактивна* рингла, *децималната точка* на соодветниот *приказ на ринглата* трепка. За да се исклучи ринглата, ⊕ и ⊖ мора да бидат притиснати истовремено. Се огласува звучен сигнал и на приказот за нагодена топлина се појавува 0.

Ако тајмерот за селектираната рингла е активен, тогаш на приказот на ринглата ќе се појави '0` а истотака функција на тајмер на индикаторот за зоната на готвење и приказот за тајмерот ќе бидат исклучени.

Ако има преостаната топлина во дадената рингла, тоа ќе биде прикажано со континуирано светење на “H” на приказот за нагодена топлина.

Намалување на нагодената топлина на '0' со притискање на копчето ⊖ .

Ринглата, истотака, може да биде исклучена со редуцирање на нагодената топлина на 'O’.

Кога на *приказот на ринглата* е прикажана '0’ соодветната *децимална точка* на ринглата е истотака исклучена.

При исклучување на активната грејна зона на Дисплејот на грејната зона се појавува не само 0, со што индикаторот на тајмерот и дисплејот на тајмерот се исклучуваат.

Ако има заостаната топлина на таа грејна зона, на дисплејот на грејната зона ќе се појави симболот H.

**Употрба на тајмерско исклучување за соодветната рингла (достапна само кај некои модели)**

По достигнување на преостанато време од 0 минути, тајмерот ја стопира соодветната рингла, на приказот на ринглата се покажува '0` и се исклучува приказот за тајмерот. На приказот за тајмерот е прикажано'00\. Соодветниот индикатор за зона на готвење исчезнува.

Зададениот индикатор за селекција на двојна/тројна зона истотака исчезнува ако е активен.

Звучен сигнал, дополнително, укажува на истекувањето на тајмерот. По потврдата за истекувањето на тајмерот со притискање на било кое копче, звучниот сигнал го снемува.

**Тајмер Функција (достапна само кај некои модели)**
Тајмерот ги обезбедува следните функционалности:

Контролата може истовремено да раководи со 4 тајмери зададени за ринглитеи еден одбројувач на минути (кој не е зададен за конкретна рингла).

Сите тајмери можат да се користат само во B-режимот. Тајмер за дадена рингла може да биде зададен ако ринглата е активна и работи на некое од нивоата 1-9. Минутниот потсетник е независен од било која рингла.

За да може да се користат двете функции, тајмер функцијата треба да се активира со копчето Активен/Неактивен Тајмер.

Со притискање на копчето за прв пат по активирањето на ринглите, контролата го понудува одбројувачот на минути (ниту еден од индикаторите за зона на готвење на трепка, сите се или вклучени или исклучени).

Со допирање на по втор пат, контролата понудува задавање на некоја од активните рингли, со трепкање на индикаторот за зона на готвење . Тогаш е сигнализиран посакуваниот тајмер.

Со наредното притискање на , понуден е наредниот тајмер во насока на стрелките на часовникот за задавање на следната активна рингла . И така натаму…

1.Одбројувач на минути
Без разлика дали некоја рингла е активна или не, одбројувачот на минути може да се ракува со притискање на 🕘 . Со појавата на '00' се прикажува дека тајмерот е активен и точката во десниот приказ за тајмерот укажува на тоа дека ⊕ и ⊖ се подготвени за нагодување на вредноста на тајмерот.

Одбројувачот на минути е селектиран кога сите *индикатори на зони за готвење се* континуирано вклучени или исклучени (ниту еден од *индикаторите на зоните за готвење* не трепка).

Со ⊕ и ⊖, може да се нагоди вредноста на тајмерот.

По успешното нагодување на времето на одбројувачот на минути, тајмерот почнува да го намалува времето.

Одбројувачот на минути нема да се запре доколку се исклучи уредот или доколку се активира функцијата Заклучување на Контролите, туку ќе продолжи да ги зголемува минутите се до истекувањето на прикажаното време.

По доаѓање на вредноста на тајмерот на '00`, звучен сигнал укажува на истекот на времето. За да го запрете звучниот сигнал, притиснете било кое копче за да го потврдите истекувањето на времето на тајмерот

2.Тајмер на ринглата
Тајмерот на ринглата може да се активира само за активна рингла (нивото на ринглата мора да биде нагодено помеѓу 1-9)

Со првото притискање на 🕘, се активира одбројувачот на минути. Со притискање на 🕘 по втор пат, на активната рингла и се доделува тајмер. Понуденото задавање е прикажано со трепкање на соодветниот индикатор за зона на готвење.

Со повторно притискање на 🕘 , по активирањето на првиот тајмер на ринглата, контролата понудува задавање на тајмер на наредната активна рингла во насока на стрелките на часовникот Понуденото задавање е укажано со трепкање на *индикаторот за зона на готвење.*

Со притискање на ⊕ и ⊖ , може да биде зададена вредноста на тајмерот на ринглата.

Работењето на тајмерот на првиот нагоден тајмер на ринглата е прикажано со континуирано светење на *индикаторот за зона на готвење .*

Со наредното притискање на 🕘 може да се зададе тајмер на наредната активна рингла.

10 сек. по последната операција приказот за тајмерот се префрла на тајмерот кој нареден истекува.
Одредувањето на тој тајмер секогаш е прикажано со трепкачкиот *индикатор за зона на готвење.* Бројот на активни тајмери можете да го одредите според бројот на *индикатори за зона на готвење* кои светат континуирано.

Со наизменично притискање на ◷, можете да ги прикажете вредностите на тајмерот и одбројувачот на минути. Намената е секогаш означена со трепкање на *индикаторот за зона на готвење .* Ако ниту еден *индикатор за зона на готвење* не трепка, тогаш одбројувачот на минути е прикажан во двоцифрениот *приказ за тајмерот.*

Сите тајмери на ринглите можат да бидат избришани со префрлување на уредот во S-режимот со притискање на ⏻. Одбројувачот на минути нема да биде избришан, туку ќе продолжи да работи се до неговото истекување.

За да се избришете даден тајмер во работен режим, морате најпрво да го селектирате тајмерот со повеќекратно притискање на копчето за активен/неактивен тајмер се додека тој не се појави. Вредноста може да се избрише на 2 различни начини:

·Намалување на вредноста со притискање на ⊖ се додека на приказот за тајмерот не се појави '00".
·Притискање на ⊕ и ⊖ истовремено во времетраење од 0,5sec се додека приказот за тајмерот не се појави '00".

По достигнување на вредноста ˹00` на тајмерот на ринглата, зададеното ниво на ринглата ќе биде нагодено ˹0`.
Истекувањето на тајмерот на ринглата или одбројувачот на минути е означено со звучен сигнал. Звукот се запира со притискање на било кое копче за потврда.

**Заклучување на Контролите**

Функцијата Заклучување на Контролите служи за блокирање и нагодување на уредот во безбеден режим за време на извршување на некоја операција. Во овој случај модификации кои би настанале со случаен допир, како на пример зголемување на нагодената топлина, нема да бидат возможни. Единствено можно е исключување на уредот.

Функцијата се активира ако копчето за заклучување на ⊶ контролата се држи притиснато најмалку 2 сек. Оваа операција е потврдена со звучен сигнал. По успешната операција во времетраење повеќе од 2 сек. индикаторот за исклучување на контролите трепка и ринглата е заклучена.

Ринглата може да биде заклучена само доколку е во работен режим *(b-режим).*

Ако ринглата е заклучена, само ⏻. може да прими команда, сите други копчиња се блокирани. Ако било кое друго копче се притисне за време на блокираниот режим, се огласува звучен сигнал и индикаторот заклучување на контролата почнува да трепка како индикација дека функцијата Заклучување е активна. Единствено возможно е исклучувањето на уредот со притискање на ⏻. Но, доколку го исклучите уредот, нема да бидете во можност да го вклучите повторно без претходно да ја отклучите контролата.

Со притискање на ⊶ 2 сек, го снемува индикаторот за заклучување на контролата. Во тој случај контролата на плочата за готвење е отклучена и може да биде ракувана на вообичаениот начин.

**Заклучување за заштита на децата**

Функцијата Заклучување за заштита на децата е предвидена за заклучување на уредот преку покомплициран процес во повеќе чекори .

Заклучување за заштита на децата и негово отклучување е возможно само во S-режимот.

Најпрво ⏻ треба да биде притиснато се додека не се огласи звучен сигнал, потоа ⊕ и ⊖ треба да се држат истовремено притиснати 0,5 сек, но најмногу 1 сек.. После тоа, уредот може да се заклучи со притискање на ⊕ . На сите 4 прикази на ринглите се покажува V како потврда.



Во случај кога одбројувачот на минути е сеуште активен, тој ќе продолжи да работи се додека не се достигне ‘00’ и тогаш тајмерот ќе се огласи со звучен сигнал. По потврдата дека тајмерот е целосно истечен, уредот е целосно заклучен. Ниедно од копчињата не може да се употреби се додека уредот е заклучен.

На истиот начин, заклучувањето за заштита на децата може и да се деактивира. По притискање на ⏻ се додека не се огласи звучниот сигнал, се притискаат ⊕ и ⊖ истовремено во траење од најмалку 0,5 сек, по што следи притискање само на ⊖ . Како потврда за успешно отклучување, ‘L’ симболот на приказите ќе биде веднаш избришан.



**Stop & Go Функција (достапна само кај некои модели)**

Stop & Go функцијата може да се користи само како алтернатива на функцијата за заклучување на контролата. Не е возможно да се користат двете.

Stop & Go функцијата се активира со притискање на 🔑 во траење на 1 сек. Потоа се слушаат два звучни сигнали како потврда.

Stop-функцијата е активна и сите рингли кои се активни ќе бидат редуцирани до вредност ˹1 ` за 1мин, а наредните 9 мин се прикажува подвижна светла хоризонтална линија, почнувајќи од дното кон врвот. После тоа сите рингли се редуцираат до вредност „0" за остатокот од времето. За сите неактивни нагодувања на топлина, прикажана е ˹0` или преостанатата топлина ˹H`.

Ринглата комплетно се исклучува по 10 минути или по моментално притискање на ⏻ .

Ако ринглата е исклучена со притискање на ⏻, тогаш таа е преминува во *S-режим* и Stop-функцијата е избришана. Ако ринглата повторно се вклучи функцијата Stop & Go не е активна.

Ако тајмерот се користи како одбројувач на минути,, времето ќе продолжи и кога е активна Stop & Go функцијата.
Ако тајмерот се користи за исклучување на дадена рингла, тогаш тајмерот престанува да ја намалува вредноста за времетраењето на функцијата Stop & Go. По деактивирање на функцијата Stop & Go , тајмерот ќе продолжи да работи.

Ако функцијата за зголемување на топлината е активна за дадена рингла, тогаш изминатото време се меморира и по деактивирање на функцијата Stop & Go преостанатото време на таа функција ќе се доработи ( значи времето на зголемување на топлината не продолжува за времетраење на функцијата Stop & Go).

За да се деактивира функцијата Stop & Go, мора да се држи притиснато 1 сек. Тоа се потврдува акустично со поединечен звучен сигнал.

Потоа се отпушта и се притиска било кое копче во наредните 10 сек (освен и , се активираат условите на работа како пред активирање на функцијата Stop & Go. Сите редуцирани рингли продолжуваат да работат со последната избрана нагодена вредност. Ако во наредните 10 сек не се притисне или ниедно друго, тогаш ринглата се исклучува.

## МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОНТРОЛАТА СО ДОПИР

Следните мерки на безбедност се достапни за да се избегнат несакани операции со контролата на плочата за готвење.

### Безбедносно сензорско исклучување

За да се спречи уредот од несакани, случајни сензорски операции, вклучено е сензорско надгледување.

Во случај некое или неколку копчиња да бидат притиснати подолго од 12сек. сензорското надгледување со звучен сигнал укажува на погрешна операција (сад за готвење или некој друг објект е поставен на копчето, сензорска грешка, итн.) и уредот се исклучува

Безбедносното исклучување предизвикува преминување на плочата за готвење во *S-режимот.* 'F ќе трепка на сите прикази на ринглите.



Ако има преостаната топлина, таа ќе биде прикажана на сите останати прикази на ринглите.

Контролата на плочата за готвење тогаш ќе премине во *S-режим.* Истовремено се појавува и звучен сигнал Акустичниот сигнал престанува по10 мин..

Ако повеќе нема погрешна операција, ги снемува и визуелниот и акустичниот сигнал.

**Исклучување поради прегревање**

Поради поставеноста на контролите многу блиску до ринглите, во средишниот преден дел на плочата за готвење, може да се случи неправилно поставен сад-половина на контролата и незабележан од сензорската контрола (не покрива некое од копчињата) да ја загрее плочата за готвење на многу висока температура, со што допирањето на стаклото или на некое од копчињата би било проследено со изгореници на прстите.

За да се спречи оштетување на контролата на плочата за готвење, контролата постојано ја надгледува температурата и го исклучува уредот во случај на прегревање. Тоа се прикажува на 4-те прикази на ринглите со буквата Т за целото време додека се намалува температурата.



По опаѓањето на температурата, Т приказите ќе бидат избришани и контролата на плочата за готвење преминува во S-режимот. Ова значи дека корисникот може да го реактивира уредот со притискање на ⏻.

**Ограничување на времето на работа**

Контролата на плочата за готвење има ограничување во поглед на времето на работење. Ако нагодената вредност на топлина на дадена рингла не е променета за одреденото време, ринглата автоматски ќе се исклучи (10 сек. се прикажува Г0` , а потоа се прикажува преостаната топлина). Ограничувањето на времето на работа зависи од селектираната вредност на нагодена топлина. Ако со дадената рингла е поврзан тајмер, тогаш на тајмерот на приказот 10 сек. ќе стои Г00`. После тоа приказот за тајмерот се исклучува.
По автоматското исклучување на ринглата, како што е опишано погоре, ринглата може повторно да се активира и се назначува максималното време на работа.

**Функции на преостаната топлина**

По сите процеси на готвењето, во стаклокерамичката плоча останува топлина која е наречена преостаната топлина. Контролата може приближно да пресмета колку е топло стаклото во најлошиот случај. Ако пресметаната температура е повисока од + 60 $^0$ C, тоа ќе биде прикажано во соодветниот приказ на ринглата по исклучувањето на ринглата или контролата на плочата за готвење. Приказот на преостаната топлина ќе биде прикажан се додека пресметаната температура на ринглата е > + 60 ° C.

Приказот на преостаната топлина има најнизок приоритет и е препокриен од секоја друга вредност на приказот, за време на безбедносните исклучувања и прикажување на некоја грешка на уредот.

При повторно вклучување на напонското напојување, во случај кога настанал прекин на ова напојување, приказот на преостаната топлина трепка ако соодветната рингла имала преостаната топлина поголема од + 60 ° C пред да настане прекинот на напојувањето. Приказот ќе трепка додека не истече времето за прикажување на преостаната топлина или додека ринглата не е селектирана и активирана.

## ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ

Садови за готвење со груба подлога не треба да се користат затоа што можат да ја оштетат површината на стаклената керамика. Подлогата на добрите садови за готвење треба да е што е можно подебела и порамна. Пред употреба, уверете се дека подлогата на садот за готвење е чиста и сува.

Секогаш поставувајте ги садовите на зоната за готвење пред таа да биде вклучена. Секогаш кога е тоа можно, ставајте капак на садот за готвење . За да се спречи непотребно трошење енергија, подлогите на садовите за готвење не смеат да бидат помали или поголеми од зоната за готвење, тие треба да бидат со пропишаната големина како што е прикажано подолу,.




Пред да започнете со чистењето на плочата за готвење, од штекерот откачете го електричното напојување. Потоа уверете се дека нема преостаната топлина во уредот. Стаклокерамичката плоча е многу отпорна на висока температура и на прегревање. Ако има преостаната топлина во уредот, трепка 'H` во *приказот на ринглата.* За да се избегнат несакани изгореници, оставете го уредот да се излади.

Со груба крпа отстранети ги сите остатоци од храна и маснотии. Потоа пребришете ја плочата за готвење со соодветна течност за чистење и со чиста влажна крпа. Избришете го уредот со чиста сува крпа.

Ако дојде до несакано топење на алуминиумска фолија или некоја пластични материја на површината на плочата за готвење, тие треба веднаш да бидат отстранети со рапава крпа. Со тоа ќе се избегне било какво оштетување на површината. Истото се однесува и за случајот кога на површината ќе се истури шеќер или храна која содржи шеќер.

Во случај на топење на некоја друга храна на површината, отстранета ја откако уредот ќе се излади. При чистење на стаклената керамика употребувајте средство за чистење на стакло или нер'ѓосувачки челик.

За чистење на стаклокерамичката површина не употребувајте крпи за миење садови или абразивни сунѓери. Овие материјали можат да ја оштетат површината.

Не употребувајте хемиски детергенти, спрејови или отстранувачи на дамки на стаклокерамичката површина. Овие материјали можат да предизвикаат оган или избледување на стаклокерамичката боја. Чистете само со вода и со течност за чистење.

Симболот обележан на уредот, или обележан на неговата документација, покажува дека тој уред не смее да се третира како домашен отпад. Наместо тоа тој уред треба да се предаде во најблискиот пункт за рециклирање на електрички и електронски уреди.
Уништувањето треба да се изврши во согласност со локалните закони и во согласност со стандардите за животната средина .

## LEKS GROUP BG

София: 02/963 33 20, 963 33 80, бул. Арсеналски 105, Пловдив: тел.: 032/633 778, ул. Цар Асен 30,
Варна: тел.: 052/504 634, бул. Вл. Варненчик 277, Бургас: тел.: 056/841 475, ул. Фердинандова 77
Русе: тел.: 082/872 717, ул. Борисова 84, Плевен: тел.: 064/833 172,ул. Данаил Попов 4,
Велико Търново: тел.: 062/603 883,бул. България 26, Благоевград: тел.: 073/832 782, к-с Парангалица,
Видин: тел.: 094/600 209, ул. Цар Александър II, к-с Съединение, бл. 12

## BEOLEKS SRB

Novi Beograde: 011/ 31 33 598; 011/ 31 33 597; 011/ 31 33 264; 011/ 31 33 826
Bul. Arsenija čarnojevića 66

## SKOLEKS MK

Скопије: 02/ 322 75 80, ул. Народен Фронт Б-2, Кавадарци: 043/ 412 551, ул. Шишка Б.Б,
Битола: 047/ 242 885, ул. Прилепска 56, Тетово: 044/ 337 919, ул. Илинденска Б.Б
Струмица : 034 / 320 551, ул. Гоце Делчев бр.65